Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), согласно член 106 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК-Скопје, поднесена преку полномошник Сабина Факиќ, вработена во ЦГК, против Агенцијата за храна и ветеринарство, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 03.02.2023 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Жалбата изјавена од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК-Скопје, поднесена преку полномошник Сабина Факиќ, вработена во ЦГК, против Агенцијата за храна и ветеринарство, заведена во Агенцијата под бр.08-59 на 31.01.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **поради тоа што Жалбата се смета за повлечена**.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Како што е наведено во Жалбата, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК-Скопје на 20.01.2023 година, поднело Барање за пристап до информации од јавен карактер до Агенцијата за храна и ветеринарство, со кое побарало по е-маил да му се достават фотокопија од следните информации:

“..од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер за постапката за јавна набавка на Изработка на содржини за електронски билтен, кој ќе биде поставен на веб страницата на невладино здружение, кое во тековната 2022 година, ќе објави најмалку 10 билтени за поврзаноста на здравјето, храната и исхраната, со цел подигање на свесноста на целокупната пополација за потребите на Агенцијата за храна и ветеринарство бр.19195/2022:

- Одлука за јавна набавка;
- Записник од отворањето на понудите;
- Записник од спроведениот технички дијалог;
- Пристигнати понуди или пријави за учество (Образец на понуда-Финансиска понуда);
- Извештај за извршената евалуација;
- Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката;
- Извештај од спроведената е-аукцуја;
- Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба; и
- Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.“

Како што се наведува во Жалбата, Имателот на информации по ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информации на 31.01.2023 година поднесе Жалба до Агенцијата, заведена во архивата на Агенцијата под бр.08-59.

Агенцијата со електронски допис бр.08-59 од 01.02.2023 година, ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

На 03.02.2023 година Барателот на информации до Агенцијата достави е-маил заведен во Агенцијата под бр.08-59, во кој наведува дека: „Ве известуваме дека го добивме одговорот ...од имателот на информацијата Агенција за храна и ветеринарство и жалбата наш бр.0306-204/1 од 31.01.2023 година ја повлекуваме.“.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка **ЈА ЗАПРЕ ПОСТАПКАТА** по Жалбата, поради тоа што Барателот истата ја повлекол пред донесување на управен акт од второстепениот орган.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**